Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002), а согласно член 31 од Пречистен текст на Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.10/2019), Градоначалникот на општина Кратово на ден 10.02.2023 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за усвојување на Извештај на Пописната комисија за извршен попис на средства, побарувања и обврски на ден 31.12.2022 година на Општина Кратово**

**1.Се објавува: Одлука за усвојување на Извештај на Пописната комисија за извршен попис на средства, побарувања и обврски на ден 31.12.2022 година на Општина Кратопво Кратово бр.09-271/1** донесена од страна на советот на општина Кратово на седницата одржана на 08.02.2023 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.08-291/1 **Градоначалник**
10.02.2023 г. **на Општина Кратово**
Кратово Тодорче Николовски, с.р.

Врз основа на член 36 и член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), член 21 од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници ("Службен весник на РМ: бр.61/02, 98/02, 81/05, 24/11, 145/15, 170/17 и 122/21) член 29, 30, 30-а, 31, 31-а, 31-б, 31-в, 32, 33, 33-а, 34 и 35 од Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници ("Службен весник на РМ" бр.28/3, 62/06, 8/09, 175/11 и 101/13), а согласно членовите 15 и 20 од Пречистен текст на Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.10/19), Советот на општина Кратово на седницата одржана на 08.02.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за усвојување на Извештај на Пописната комисија за извршен попис на средства, побарувања и обврски на ден 31.12.2022 година на Општина Кратово**

**Член 1**

Со Одлуката Советот на општина Кратово го усвојува Извештајот на Пописната Комисија за извршен попис на средства, побарувања и обврски на ден 31.12.2022 година на Општина Кратово.

Извештајот е во прилог и е составен дел на оваа одлука.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.09-271/1 **Претседател**
08.02.2023 г. **на Советот на општина Кратово**
Кратово Весна Петрова, с.р.

# ОПШТИНА КРАТОВО
# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА КРАТОВО

*Број 2 Година 2023*
*10.02.2023 година*
*Кратово*

*Претплата за 2023 година*
*изнесува ____________ денари*
*Тек. Сметка бр. ____________*


**Содржина** **Стр.**


- Заклучок за објавување на Одлука за усвојување на Извештај на Пописната комисија за извршен попис на средства, побарувања и обврски на ден 31.12.2022 година на Општина Кратово ........................................ 1
- Одлука за усвојување на Извештај на Пописната комисија за извршен попис на средства, побарувања и обврски на ден 31.12.2022 година на Општина Кратово ........................................ 1
- Заклучок за објавување на Одлука за утврдување на надоместок за обезбедување на финансиски средства за изградба, реконструкција, одржување и заштита на општинските патишта и улици од прекумерно користење на општинските патишта и улици ........................................ 2
- Одлука за утврдување на надоместок заобезбедување на финансиски средства за изградба, реконструкција, одржување и заштита на општинските патишта и улици од прекумерно користење на општинските патишта и улици ........................ 2, 3, 4
- Заклучок за објавување на Одлука за доделување на помош од буџетот на Општина Кратово ........................................ 4
- Одлука за доделување на помош од буџетот на Општина Кратово ........................ 4, 5
- Заклучок за објавување на Одлука за доделување на помош од буџетот на Општина Кратово ........................................ 5
- Одлука за доделување на помош од буџетот на Општина Кратово ........................ 5, 6
- Заклучок за објавување на Одлука за доделување на помош од буџетот на Општина Кратово ........................................ 6
- Одлука за доделување на помош од буџетот на Општина Кратово ........................ 6, 7
- Заклучок за објавување на Одлука за усвојување на Измената на Финансовиот план за 2023 година на Јавното претпријатие за за комунални дејности и инфраструктура "Кратово"-Кратово ........................................ 7
- Одлука за усвојување на Измената на Финансовиот план план за 2023 година на Јавното претпријатие за комунални дејности и инфраструктура "Кратово"-Кратово ........................................ 7
- Заклучок за објавување на Одлука за обезбедување на финансиски средства како хуманитарна помош за настраданото население погодено од земјотресот во Република Турција и Сириска Арапска Република ........................................ 8
- Одлука за обезбедување на финансиски средства како хуманитарна помош за настраданото население погоденоод земјотресот во Република Турција и Сириска Арапска Република ........................................ 8

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002), а согласно член 31 од Пречистен текст на Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.10/2019), Градоначалникот на општина Кратово на ден 10.02.2023 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за утврдување на надоместок за обезбедување на финансиски средства за изградба, реконструкција, одржување и заштита на општинските патишта и улици од прекумерно користење на општинските патишта и улици**

**1.Се објавува: Одлука за утврдување на надоместок за обезбедување на финансиски средства за изградба, реконструкција, одржување и заштита на општинските патишта и улици од прекумерно користење на општинските патишта и улици бр.09-272/1** донесена од страна на советот на општина Кратово на седницата одржана на 08.02.2023 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.08-292/1
10.02.2023 г.
Кратово

**Градоначалник**
**на Општина Кратово**
Тодорче Николовски, с.р.

Врз основа на член 62 од Законот за јавните патишта (IСлужбен весник на Република Македонијав бр. 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12,168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16 и 163/16 и (Службен весник на Република Северна Македонијав бр. 174/21), член 22 став 1 точка 4 од Законот за Локалната самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002), а согласно членовите 15 и 20 од Пречистениот текст на Статутот на општина Кратово( Службен Гласник на општина Кратово бр.10/19), Советот на општина Кратово на седницата одржана на ден 08.02.2023 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за утврдување на висината на надоместокот за обезбедување на финансиски средства за изградба, реконструкција, одржување и заштита на општинските патишта и улици од прекумерно користење на општинските патишта и улици**

**Член 1**

Со ова одлука се утврдува висината на надоместокот за прекумерно користење на општинските патишта и улици на територијата на Општина Кратово, од страна на прекумерни корисници.

Прекумерни корисници се субјекти кои користат возила и машини со поголема вкупна тежина од 7т. на овие патишта

**Член 2**

Ова одлука ги содржи следните поими:
**- специфичен количник на оптовареост**
**- коефициентот на нивото на користење**
**- специфичен финансиски износ**
**- годишен финансиски надоместок**

**А.специфичен количник на оптовареост** на патот или улицата , изразен во тони на година , и се добива како количник од планиран годишен сообраќај изразен со вкупна тежина на возилата (во тони) кои треба да поминат по патот или улицата која прекумерно се користи и тоа за период од една

година. Овој количник се однесува за еден километер должина на пат или улица.

Прекумерното користење е поделено во 4 нивоа:
1.**Многу ниско ниво -** подразбира количник помал од 12.000т
2.**Ниско ниво** - подразбира количник во рамките од 12.000т до 24.000т
3.**Средно ниво** - подразбира количник во рамките од 24.000т до 48.000т
4.**Виско ниво** - над 48.000т

**Б.Коефициентот на нивото на користење** зависи од специфичниот количник на оптовареост и претпоставува коефициент на амортизација на патот поради прекумерното користење и ги ма следни вредности:

- за ниско ниво на користење изнесува 0.10
- за средно ниво на користење изнесува 0.30
- за високо ниво на користење изнесува 0.50

**В. специфичен финансиски износ** претставува износ на сретства кои се потребни за да патот кој прекумерно се користи, со реконструкција се врати во првобитната состојба пред користењето, и се однесува на должина од еден километар.

Овој износ се утврдува, за патот или улицата за кои се бара прекумерно користење, од страна на Општината. Овој износ зависи од состојбата на патот или улицата, во моментот на фазата на одобрување на барањето.

**Член 3**

**Годишен финансиски надоместок** претставува износ на дел од сретства кои се потребни за да патот кој прекумерно се користи, со реконструкција се врати во првобитната состојба пред користењето.
Износот на годишниот надоместокот се добива на следниот начин:
**специфичниот финансиски износ** се множи со **коефициентот на нивото на користење** и со **должината на општински патишта или улици, или делници од нив**, за кои се однесува барањето, изразена во километри.

**Член 4**

За прекумерните корисници кои спаѓаат во многу ниско ниво на користење (**Многу ниско ниво -** подразбира количник помал од 12.000т) ке плаќаат еднократни надоместоци по реализирана тура, и тоа:

- за вкупна тежина на тура од 7.0т до 15,0т. надоместокот изнесува 400,00 денари од тура.
- за вкупна тежина на тура над 15,0т. надоместокот изнесува 600,00 денари од тура.

**Член 5**

Заради прекумерно користење на општински пат или улица прекумерниот корисник е должен да поднесува барање до Општина Кратово заради добивање на решение за прекумерно користење.

Барањето за ниско, средно и високо ниво на користење, треба да содржи податок за тоа:
- за кои општински патишта или улици, или делници од нив, се однесува барањето.
-колкава е должината на тие патишта или улици, или делници од нив и
-колкава тежина ќе биде планираниот годишен сообраќај, изразен со тежина на возилата и товарот (во тони) кои треба да поминат по патот или улицата за која се бара прекумерно се користи и тоа за периодот од една година.

Барањето за прекумерните корисници кои спаѓаат во многу ниско ниво на користење, кои ќе плаќаат еднократни надоместоци по реализирана тура, треба да содржи податок за релацијата на бараната тура, вкупната тежина на турата и податоци за возилото, како и денот на реализирање на превозот.

Општина Кратово на барателот му издава решение за прекумерно користење на општинските патишта и улици на територијата на Општина Кратово, со трење од една година.

За прекумерните корисници кои спаѓаат во многу ниско ниво на користење, кои ќе плаќаат еднократни надоместоци по реализирана тура, решението ке има важност од еден ден.

**Член 6**

Надзор на спроведувањето на решението ќе врши Одделението за инспекциски работи при Општина Кратово.

**Член 7**

Од плаќање на надоместокот се ослободени возила и машини на: Армија на Република Северна Македонија, Министерство за внатрешни работи, Дирекција за заштита и спасување, Центар за управување со кризи, јавни претпријатија основани од Република Северна Македонија и Општина Кратово и возилата за расчистување на снег.

**Член 8**

Одлуката влегува во сила со денот на донесување,а ќе се објави во Службен Гласник на Општина Кратово.

09-272/1 **Претседател**
08.02.2023 г. **на Советот на општина Кратово**
Кратово Весна Петрова, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002), а согласно член 31 од Пречистен текст на Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.10/2019), Градоначалникот на општина Кратово на ден 10.02.2023 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за доделување на помош од Буџетот на Општина Кратово**

**1.Се објавува: Одлука за доделување на помош од Буџетот на Општина Кратово бр.09-273/1** донесена од страна на советот на општина Кратово на седницата одржана на 08.02.2023 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.08-293/1 **Градоначалник**
10.02.2023 г. **на Општина Кратово**
Кратово Тодорче Николовски, с.р.

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а согласно Правилникот за критериуми за доделување на помош од буџетот на Општина Кратово бр.09-745/2 ("Службен Гласник на Општина Кратово" бр.6/2019 и 7/2019) и членовите 15 и 20 од Пречистен текст на Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на Општина Кратово" бр.10.2019), Советот на Општина Кратово на седницата одржана на ден 08.02.2023 година расправајќи по Барањето бр.09-255/1 од 06.02.2023 година на Бегрие Мустафова со адреса на живеење на ул."Тошо Куковски" бр.32, Општина Кратово, а на предлог на Комисијата за давање на предлог за доделување на помош од Буџетот на општина Кратово ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за доделување на помош од буџетот на Општина Кратово**

**Член 1**

Со одлуката Советот на Општина Кратово го прифаќа Барањето бр.09-255/1 од 06.02.2023 година поднесено до Општина Кратово од Бегрие Мустафова со адреса на живеење на ул."Тошо Куковски" бр.32, Општина Кратово за доделување на парична помош за операција.

За таа цел согласно предлогот на Комисијата за давање на предлог за доделување на помош од буџетот на општина Кратово на барателката и се одобруваат финансиски средства во вкупен бруто износ од 7.000,00 (Седум илјади) денари согласно Правилникот за критериуми за доделување на помош од буџетот на Општина Кратово бр.09-745/2 ("Службен Гласник на Општина Кратово" бр.6/2019 и 7/2019).

**Член 2**

За реализација на оваа Одлука се овластува Градоначалникот на Општина Кратово да изготви Решение за реализација на доделената помош преку Програмата А0-Совет на Општина, ставка 471-Социјални надоместоци од Буџетот на Општина Кратово за 2023 година".

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен Гласник на Општина Кратово".

Бр.09-273/1 **Претседател**
08.02.2023 г. **на Советот на општина Кратово**
Кратово Весна Петрова, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002), а согласно член 31 од Пречистен текст на Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.10/2019), Градоначалникот на општина Кратово на ден 10.02.2023 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за доделување на помош од Буџетот на Општина Кратово**

**1.Се објавува: Одлука за доделување на помош од Буџетот на Општина Кратово бр.09-274/1** донесена од страна на советот на општина Кратово на седницата одржана на 08.02.2023 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.08-294/1 **Градоначалник**
10.02.2023 г. **на Општина Кратово**
Кратово Тодорче Николовски, с.р.

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а согласно Правилникот за критериуми за доделување на помош од буџетот на Општина Кратово бр.09-745/2 ("Службен Гласник на Општина Кратово" бр.6/2019 и 7/2019) и членовите 15 и 20 од Пречистен текст на Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на Општина Кратово" бр.10.2019), Советот на Општина Кратово на седницата одржана на ден 08.02.2023 година расправајќи по Барањето бр.09-262/1 од 07.02.2023 година на Гордан Наковски со адреса на живеење на ул."Јове Гичев" бр.3, Општина Кратово, а на предлог на Комисијата за давање на предлог за доделување на помош од Буџетот на општина Кратово ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

**за доделување на помош од буџетот на Општина Кратово**

**Член 1**

Со одлуката Советот на Општина Кратово го прифаќа Барањето бр.09-262/1 од 07.02.2023 година поднесено до Општина Кратово од Гордан Наковски со адреса на живеење на ул."Јове Гичев" бр.3, Општина Кратово за доделување поради тешка социјална состојба.

За таа цел согласно предлогот на Комисијата за давање на предлог за доделување на помош од буџетот на општина Кратово на барателот му се одобруваат финансиски средства во вкупен бруто износ од 6.000,00 (Шест илјади) денари согласно Правилникот за критериуми за доделување на помош од буџетот на Општина Кратово бр.09-745/2 ("Службен Гласник на Општина Кратово" бр.6/2019 и 7/2019).

**Член 2**

За реализација на оваа Одлука се овластува Градоначалникот на Општина Кратово да изготви Решение за реализација на доделената помош преку Програмата А0-Совет на Општина, ставка 471-Социјални надоместоци од Буџетот на Општина Кратово за 2023 година".

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен Гласник на Општина Кратово".

Бр.09-274/1 **Претседател**
08.02.2023 г. **на Советот на општина Кратово**
Кратово Весна Петрова, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002), а согласно член 31 од Пречистен текст на Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.10/2019), Градоначалникот на општина Кратово на ден 10.02.2023 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за доделување на помош од Буџетот на Општина Кратово**

**1.Се објавува: Одлука за доделување на помош од Буџетот на Општина Кратово бр.09-275/1** донесена од страна на советот на општина Кратово на седницата одржана на 08.02.2023 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.08-295/1 **Градоначалник**
10.02.2023 г. **на Општина Кратово**
Кратово Тодорче Николовски, с.р.

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а согласно Правилникот за критериуми за доделување на помош од буџетот на Општина Кратово бр.09-745/2 ("Службен Гласник на Општина Кратово" бр.6/2019 и 7/2019) и членовите 15 и 20 од Пречистен текст на Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на Општина Кратово" бр.10.2019), Советот на Општина Кратово на седницата одржана на ден 08.02.2023 година расправајќи по Барањето бр.09-264/1 од 07.02.2023 година на Сузана Блажевска со адреса на живеење на ул."Глигор Пазавански" бр.9, Општина Кратово, а на предлог на Комисијата за давање на предлог за доделување на помош од Буџетот на општина Кратово ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за доделување на помош од буџетот на Општина Кратово**

**Член 1**

Со одлуката Советот на Општина Кратово го прифаќа Барањето бр.09-264/1 од 07.02.2023 година поднесено до Општина Кратово од Сузана Блажевска со адреса на живеење на ул."Глигор Пазавански" бр.9, Општина Кратово за доделување поради тешка социјална состојба.

За таа цел согласно предлогот на Комисијата за давање на предлог за доделување на помош од буџетот на општина Кратово на барателката и се одобруваат финансиски средства во вкупен бруто износ од 12.000,00 (Дванаесет илјади) денари согласно Правилникот за критериуми за доделување на помош од буџетот на Општина Кратово бр.09-745/2 ("Службен Гласник на Општина Кратово" бр.6/2019 и 7/2019).

**Член 2**

За реализација на оваа Одлука се овластува Градоначалникот на Општина Кратово да изготви Решение за реализација на доделената помош преку Програмата А0-Совет на Општина, ставка 471-Социјални надоместоци од Буџетот на Општина Кратово за 2023 година".

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен Гласник на Општина Кратово".

Бр.09-275/1 **Претседател**
08.02.2023 г. **на Советот на општина Кратово**
Кратово Весна Петрова, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002), а согласно член 31 од Пречистен текст на Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.10/2019), Градоначалникот на општина Кратово на ден 10.02.2023 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за усвојување на Измената на Финансовиот план за 2023 година на Јавното претпријатие за комунални дејности и инфраструктура "Кратово"-Кратово**

**1.Се објавува: Одлука за усвојување на Измената на Финансовиот план за 2023 година на Јавното претпријатие за комунални дејности и инфраструктура "Кратово"-Кратово бр..09-257/2** донесена од страна на советот на општина Кратово на седницата одржана на 08.02.2023 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.08-296/1 **Градоначалник**
10.02.2023 г. **на Општина Кратово**
Кратово Тодорче Николовски, с.р.

Врз основа на член 22 став (1) точка 4 и член 36 став (1) точка 6 и член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), а согласно членовите 15 и 20 од Пречистен текст на Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.10/2019), Советот на општина Кратово на седницата одржана на 08.02.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за усвојување на Измената на Финансовиот план за 2023 година на Јавното претпријатие за комунални дејности и инфраструктура "Кратово"-Кратово**

**Член 1**

Со Одлуката Советот на општина Кратово ја усвојува Измената на Финансовиот план за 2023 година на Јавното претпријатие за комунални дејности и инфраструктура "Кратово"-Кратово бр.05-169/2 од 06.02.2023 година усвоен со Одлука за усвојување на измена на Финансов план за 2023 година бр.02-169/1 од 06.02.2023 година на Управниот одбор на ЈП "Кратово"-Кратово.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.09-257/2 **Претседател**
08.02.2023 г. **на Советот на општина Кратово**
Кратово Весна Петрова, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002), а согласно член 31 од Пречистен текст на Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.10/2019), Градоначалникот на општина Кратово на ден 10.02.2023 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за обезбедување на финансиски средства како хуманитарна помош за настраданото население погодено од земјотресот во Република Турција и Сириска Арапска Република**

**1.Се објавува: Одлука за обезбедување на финансиски средства како хуманитарна помош за настраданото население погодено од земјотресот во Република Турција и Сириска Арапска Република бр..09-276/1** донесена од страна на советот на општина Кратово на седницата одржана на 08.02.2023 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.08-297/1 — **Градоначалник**
10.02.2023 г. — **на Општина Кратово**
Кратово — Тодорче Николовски, с.р.

Врз основа на член 36 и член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) со цел давање на хуманитарна помош за настрадоното население од катастрофалниот земјотрес кој на 06.02.2023 година ги погоди Република Турција и Сириска Арапска Република, а во врска со Обраќањето на помош од Црвениот крст на Република Северна Македонија бр.0807-155/1 од 08.02.2023 година и согласно членовите 15 и 20 од Пречистен текст на Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.10/2019), Советот на општина Кратово на седницата одржана на 08.02.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за обезбедување на финансиски средства како хуманитарна помош за настраданото население погодено од земјотресот во Република Турција и Сириска Арапска Република**

**Член 1**

Со Одлуката Советот на општина Кратово обезбедува финансиски средства во износ од 60.000,00 (Шеесет илјади) денари како хуманитарна помош за настраданото население во Република Турција и Сириска Арапска Република од катастрофалниот земјотрес од 7,8 степени според Рихтеровата скала кој на 06.02.2023 година ги погоди овие две држави.

**Член 2**

За реализација на оваа Одлука се овластува Градоначалникот на Општина Кратово да изготви Решение за реализација на доделената хуманитарна помош преку Програмата А0-Совет на Општина, ставка 471-Социјални надоместоци од Буџетот на Општина Кратово за 2023 година", а со кое погоренаведените средства ќе бидат уплатени на жиро сметка на Фондот за солидарноста на Црвениот крст на Република Северна Македонија.

**Член 3**

Одлуката влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на Општина Кратово".

Бр.09-276/1 — **Претседател**
08.02.2023 г. — **на Советот на општина Кратово**
Кратово — Весна Петрова, с.р.